Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1956 12 APRIL 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe



## ЧЕТВРТИНА СИ САКААТ КЕШ ПАРИ:
## ВО ОПТЕК СЕ $102 МИЛИЈАРДИ



## БАРА ДА СЕ СРУШИ СПОМЕНИКОТ НА НЕЈЗИНИТЕ ПРЕДЦИ ПОРАДИ МАСАКАРОТ НА АБОРИЏИНИТЕ



## МИЦКОСКИ ДО КОВАЧЕВСКИ, ПЕНДАРОВСКИ И АХМЕТИ:
# ВЕ ЧЕКА ПОРАЗ, ЌЕ ВИ ЗУЈАТ УШИТЕ ОД ШЛАКАНИЦАТА ШТО ЌЕ ВИ ЈА ИСПОРАЧА НАРОДОТ

# СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА: КАКО ПРЕТСЕДАТЕЛ ЌЕ ГИ ПОМИЛУВАМ ОСУДЕНИТЕ ЗА 27 АПРИЛ

## КАКО СЕ ДВИЖИ ПАЗАРОТ ЗА НЕДВИЖНОСТИ ВО АВСТРАЛИЈА?



## На прилепски газда му избегале четири работнички од Непал

Прилепчанец во неделата пријавил во полиција дека четирите работнички од Непал кои работеле во неговата фирма не се вратиле во куќата во која престојувале.

„На 07.04.2024 во 21:57 часот во Полициската станица Прилеп Д.Н. пријавил дека четири државјанки на Непал: Л.С.(29), С.Р.М.(29), Б.К.П.М.(26) и С.С.М.Т. (29), кои биле во работен однос со склучен договор во неговата фирма, од околу 19:00 часот на 06.04.2024 не се вратиле во куќата во која престојувале во Прилеп“, информираат од МВР.

Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
PUBLISHED BY:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

# Османи криел документ дека до 30 септември ЕУ дозволува патување со старите пасоши?




Пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ, Антонио Милошоски, на „Фејсбук“ објави допис од 23.2.2024 на МВР на Италија каде што стои дека, по препорака на Европската комисија, 25 членки на ЕУ донеле одлука да се дозволи слободно движење со валидни пасоши со името Република Македонија до крајот на септември 2024 година.

Одлуката не ја прифатиле само две земји членки – Грција и Франција, но министерот Бујар Османи ја скрил информацијата од јавноста, пишува пратеникот.

„МВР на Италија во дописот напоменува дека одлуката е донесена заради заштита на правото на слободата на движењето, а за периодот по септември граничната полиција дополнително ќе добие инструкции како да постапува.

Министерот Османи во изминатиов период ја криеше оваа информација која и тогаш и денес е многу важна за слободното движење на стотици илјади македонски државјани, кои престојуваат во ЕУ.

За жал, изгледа дека 25 држави членки на ЕУ имаат поголемо разбирање за слободата на движењето на македонските државјани со важечки пасоши „Република Македонија“ отколку што за тоа се грижат амбасадорот Меmеди и министерот Османи, кои се платени за да ги штитат интересите на македонските државјани“, пишува Милошоски.

Министерот Бујар Османи, кој си ја тера својата кампања за претседателските избори, тврди дека „ова е таа фабрика на лажни вести во ВМРО-ДПМНЕ“.

„Проблемот е тоа што МВР со закон ги има декларирано нашите пасоши за неважечки и граѓаните не може да ја напуштат нашата граница. Така што воопшто не сме стигнале до проблемот со границата на земјите од ЕУ, зашто граѓаните воопшто не може да ја напуштат нашата граница со тие пасоши. За враќање во Македонија ги имаме преземено сите мерки никој да нема пречка да се врати“, кажа Османи.

Истава тема беше актуелна на почетокот на февруари, кога министерот за внатрешни Тошковски притискаше власта да донесе продолжување на старите пасоши до крајот на годинава, давајќи го како аргументот токму решението на ЕК, при што „се препукуваа“ исто со Османи.




## Досетливост или измачување?

Државјаните на Македонија **НЕ МОЖАТ** да излезат со стар пасош од земјата, но затоа праксата изминативе месеци покажа дека ако излезат со лична карта преку Србија, Албанија или Косово, понатаму можат да патуваат со старите пасоши во земјите низ Европа.

MTAV

Learn Macedonian

Macedonian Teachers' Association of Victoria provides Macedonian language courses for adults.

We deliver rich courses to increase the knowledge and appreciation of the Macedonian language and culture. The teaching is organized based on a communicative approach, which means that the class creates situations as close as possible to reality, in which the listeners are encouraged to actively participate and practice the language in a natural way.

Maximum commitment takes care of working in pairs and in groups, so that the spontaneous use of pairs is active.

Equal attention is paid to all language skills: listening, speaking, reading and writing.

Courses are for adult learners, 18+ years of age.

**We offer:**

- 2 semesters per year
- Small class sizes
- Classes for beginners & intermediate
- Evening classes
- Face-to-face delivery
- Comprehensive learning materials
- Experienced teachers
- Relaxed learning environment

*Courses are run subject to the number of enrolments received (min 5 students)

For additional information please contact:

- Jovanka jovanka.smilevska@education.vic.gov.au






# Јапонија може да се приклучи на АУКУС



САД, Австралија и Велика Британија започнуваат преговори за привлекување на нови членки во тристраниот одбранбен сојуз АУКУС, јави весникот „Фајненшл тајмс“.

Се наведува дека Вашингтон се залага во алијансата да се вклучи Јапонија како фактор на задржување на Кина.

Министрите за одбрана на трите земји треба да објават дека се разгледува „втора компонента“ од пактот што, меѓу другото, предвидува и соработка во истражувањата поврзани со квантната област и разработка на подводни воени и суперсонични технологии, кибер технологии и вештачка интелигенција, соопшти изданието повикувајќи се на извори запознати со ова.

Според „Фајненшл тајмс“, раширувањето на „првата компонента“ поврзана со испорака на атомски подморници на Австралија засега не се разгледува.

AUKUS е создаден од трите земји во 2021 година и е дел од спротивставувањето на експанзијата на Кина во Индо-тихоокеанскиот Регион.

Претседателет на САД, Џо Бајден, се стреми да го засили партнерството со земји сојузнички во Азија, како Јапонија и Филипините.

Амбасадорот на САД во Токио, Рам Емануел, деновиве објави коментар во „Волстрит џурнал“ дека Јапонија планира „да стане првиот дополнителен партнер од втората компонента“.

# Австралија размислува за признавање на палестинската држава



Австралиската министерка за надворешни работи Пени Вонг изјави дека Канбера ќе разгледува признавање на палестинска држава, што претставува промена во австралиската политика. Ова се моменти кога меѓународната заедница бара решение со две држави за да се стави крај на израелско-палестинскиот конфликт.

Вонг го поддржа британскиот министер за надворешни работи Дејвид Камерон кој рече дека признавањето на палестинската држава, вклучително и во Обединетите нации, ќе го направи решението со две држави неповратно.

- Решение со две држави е единствената надеж да се стави крај на бескрајниот циклус на насилство, рече шефицата на австралиската дипломатија, говорејќи на Австралискиот национален универзитет.

Таканареченото решение за две држави долго време беше камен-темелник на меѓународните мировни напори за решавање на долгиот израелско-палестински конфликт, но процесот беше закочен цела деценија дури и пред актуелната војна во палестинската енклава Појасот Газа, каде Израел тврди дека војува против милитантното движење Хамас.

Шпанија е меѓу другите западни земји кои се залагаат за такво признавање и е главен поборник за таков потег во рамките на Европската унија.

Вонг рече и дека „оние кои тврдат дека признавањето го наградува непријателот“ грешат, бидејќи сопствената безбедност на Израел зависи од решението со две држави.

- Нема долгорочна безбедност за Израел доколку не биде признаен од земјите од неговиот регион, рече мислејќи на арапските земји во регионот кои не го признаваат постоењето на еврејската држава.

## ИСТРАГА ЗА СМРТТА НА СЕДУМ ХУМАНИТАРНИ РАБОТНИЦИ ВО ГАЗА

Австралиските власти ќе назначат специјален советник кој ќе работи со Израел за да се обезбеди „транспарентност“ во истрагата за смртта на седум хуманитарни работници во Појасот Газа, вклучително и една Австралијка, кои беа убиени од израелски дрон.

Австралискиот шеф на дипломатијата, Пени Вонг, рече дека информациите за нападот доставени од Израел досега се недоволни и дека сака „квалификувано лице“ да ја надгледува истрагата.

Според неа Австралија сака да има „целосна доверба во транспарентноста на истрагата“.

Австралијката Лалзавми Франком (43), заедно со уште шестмина хуманитарни работници на американската невладина организација „Светска централна кујна“, беше убиена во Појасот Газа во три израелски напади извршени во рок од четири минути врз нивниот конвој.

Израелската војска призна дека направила серија „сериозни грешки“, тврдејќи дека погрешно мислела оти цели на „членови на палестинското движење Хамас“ во три возила.

Армијата, исто така, призна дека невладината организација го соопштила својот план за рута, но дека војниците одговорни за нападот во тоа време го немале при рака. Двајца офицери се отпуштени.

Војната меѓу израелските сили и Хамас во Појасот Газа започна на 7 октомври 2023 година.

# Од сега многу потешко ќе е преселбата во Нов Зеланд



Нов Зеланд ќе ги заостри своите визни правила за некои мигранти бидејќи коалициската влада се стреми кон ремонт на имиграцискиот систем за кој вели дека доведе до „неодржливи“ нивоа на миграција.

Минатата година годишната нето миграција во Нов Зеланд достигна рекордно високо ниво од повеќе од 173.000 граѓани.

Министерката за имиграција Ерика Стенфорд објави промени во акредитираната работна виза (AEWV), која беше воведена во средината на 2022 година за да помогне да се пополни недостигот на работна сила по пандемијата.

Промените ќе вклучуваат воведување барања на англиски јазик за работни места со ниски квалификации и поставување на минимален праг за вештини и работно искуство за повеќето работни визи на работодавачот. Максималниот континуиран престој за повеќето улоги со ниски вештини, исто така, ќе се намали од пет на три години.

- Промените ќе стапат веднаш, рече таа.

Нов Зеланд, кој има население од околу 5.1 милиони, бележи брз раст на бројот на мигранти од крајот на пандемијата, што предизвика загриженост минатата година дека ја поттикнува инфлацијата.

Австралија, која исто така забележа голем пораст на миграцијата, исто така најави дека ќе го преполови бројот на мигранти во следните две години.



# Како се движи пазарот за недвижности

Според податоците на *CoreLogic*, од февруари 2024 година, *Мелбурн* е единствениот главен град во *Австралија* кој забележал мал пад на вредностите и со тоа има подобрување во достапноста на недвижностите во текот на последните пет години. *„Пред пет години Мелбурн беше вед наш зад Сидней и релативно скап во споредба со другите главни градови. Сега, всушност, има помала разлика на вредноста на домот и приходот во Мелбурн"* - објаснува **Елиза Овен**, шефица на истражување во *CoreLogic*. Според неа, иако за Мелбурн не може да се каже дека е ефтин кога е во прашање пазарот на недвижности, со текот на времето се забележува дека недвижностите се подостапни, за разлика од пазарите во другите главни градови.



Index results as at 31 March, 2024 — Change in dwelling values

| | Month | Quarter | Annual | Total return | Median value |
|---|---|---|---|---|---|
| Sydney | 0.3% | 0.9% | 9.6% | 12.8% | $1,139,375 |
| Melbourne | 0.0% | -0.2% | 3.2% | 6.8% | $778,892 |
| Brisbane | 1.1% | 3.0% | 15.9% | 20.6% | $817,564 |
| Adelaide | 1.4% | 3.3% | 13.3% | 18.0% | $734,173 |
| Perth | 1.9% | 5.6% | 19.8% | 25.4% | $703,502 |
| Hobart | 0.2% | 0.1% | 0.3% | 4.4% | $649,097 |
| Darwin | -0.2% | 0.4% | 0.5% | 7.0% | $498,433 |
| Canberra | 0.4% | 0.8% | 1.9% | 6.0% | $838,976 |
| **Combined capitals** | **0.6%** | **1.5%** | **9.7%** | **13.6%** | **$848,475** |
| **Combined regional** | **0.6%** | **1.8%** | **6.0%** | **10.7%** | **$620,032** |
| **National** | **0.6%** | **1.6%** | **8.8%** | **12.9%** | **$772,730** |

CoreLogic Home Value Index

Според Австралиското биро за статистика, во ноември 2023 година просечната неделна заработка на возрасен човек од Викторија, кој работи полно работно време и со прекувремено ангажирање, била $1.858,10 пред оданочување. Тоа е околу $96.621 годишно или приближно $74.752 по оданочување. Општо е прифатено ако некое лице потроши 30 или повеќе отсто од својот приход на хипотека, најверојатно ќе доживее „станбен стрес". За некој со просечна викторијанска плата, тоа е околу $22.426 или повеќе годишно. Врз основа на тоа, и со користење на просечна каматна стапка од 6.18 отсто за кредит на 30 години, просечен самец ќе треба да земе кредит најмалку $306.000 за да го избегне станбениот стрес. Тука не е вклучен депозитот од 20 отсто кој е потребен да се избегне хипотекарното осигурувањето на кредитодавачите. Врз основа на денешната стапка на инфлација и под претпоставка дека купувачот има депозит од 20 отсто, би можел да го купи недвижен имотот до $362.400. Со оглед на ова, домаќинство со еден приход со висина на просечна плата, нема да може да купи куќа во било кое предградие во пошироката област на *Мелбурн*, оценуваат истражувачите на *ABC*.

Кога се удвоиле бројките и ја примениле истата формула, со тоа што сега се работи за домаќинство со две просечни плати, дошле до заклучок дека двојките можат да купат куќа до $733.800, земајќи кредит не поголем од $611.500 во комбинација со депозит од 20 отсто односно $122.300. Од стотина предградија во пошироката област на *Мелбурн*, околу 70 би биле достапни за овие домаќинства. При тоа треба да се има предвид, истражувачите на овие бројки не ги додале трошоците за данокот, кој во Викторија можат да варира од околу 1.4 до 6.5 отсто од вредноста на имотот. *„Во јули 2021 година, двојка со годишен семеен приход од $120.000 можела даземе кредит до $785.000. Таа иста двојка денес може да добие максимален кредит од $520.000. Само побогатите семејства можат да си дозволат кредити потребни за влез на пазарот на недвижности"* - оцени **Брус Кар**, директор на Loanscape и независен хипотекарен брокер.

Според податоците на *CoreLogic*, просечна цена на куќа во *Мелбурн* во моментов изнесува $942.779. Тоа е раст од 4.4 отсто во однос на претходната година и ценовен скок од 30 отсто во однос на 2019 година. Најевтиното предградие за купување куќа е *Мелтон*, на западниот дел на Мелбурн, каде просечна цена на куќа е само $473.074. Следно најевтино предградие е *Јужен Мелтон*. Овие две предградија доживеаја пад на цените на недвижностите во последните две години. Генерално, западниот дел на *Мелбурн* останува најевтината област за купување куќа со просечна цена од $699.117. Тука влегуваат и предградијата *Брукфилд, Диер Парк, Хоперс Кросинг, Кингс Парк* и *Виндем Вејл*. *Северозападен Мелбурн*, кој ги вклучува предградијата *Кулару, Далас* и *Кампбелфилд*, е следната најдостапна област со просечна цена на куќа од $756.176. Меѓутоа, иако е малку поскап, купувачите на прв дом се свртуваат кон североисточниот и надворешниот исток на *Мелбурн*, вклучувајќи ги *Белгрејв* и *Фернтри Гали*.

## Каде се најевтини становите во Мелбурн?

Забележано е дека во *Мелбурн* дошло до промена, купувачите повеќе се заинтересирани за станови наместо куќи, тренд за кој Овен вели дека делумно може да се објасни со фактот што оние кои првпат купуваат недвижнина се свртуваат кон поевтини опции. *Карлтон*, кој се наоѓа во близина на центарот на *Мелбурн* и има добар пристап до транспорт и други услуги, е најевтиното предградие за купување стан, со просечна вредност од $349.078. *Мелтон* и *Јужен Мелтон* повторно се меѓу првите пет најевтини предградија ако барате стан, за околу $100.000 помалку од просечната цена на куќа во истата област.

## Најскапите и најевтините предградија на Сиднеј

*Сиднеј* се издвојува по висока концентрација на премиум предградија, каде просечната цена на недвижностите се искачува над $1 милион, според анализата на *CoreLogic* од декември 2023 година. Водечкиот пазар за луксуз се осум предградија, вклучувајќи ги *Белвју Хил, Воклус* и *Дабл Беј*. Во *Белвју Хил* забележана е рекордна продажба од $76 милиони во 2023 година, додека просечната вредност на куќи била $9.73 милиони. Меѓу петте најскапи предградија се *Роз Беј* и *Довер Хајтс*. Кога станува збор за становите, најскапо предградие е *Поинт Пајпер*, каде просечната вредност била $3.31 милиони. За купување куќа, најдостапно предградие во *Сиднеј* е *Тригиер*, западното предградие на градот, каде просечната вредност на куќите била $656.329. Во 2023 година, *Карамар* беше најдостапно предградие за купување станови, со просечна вредност од $413.810.

*Дипдин*, девет километри источно од центарот на *Мелбурн*, е на врвот на листата на најскапи предградија за купување куќа. Просечната вредност на куќите е $3.6 милиони. Веднаш по него следи *Брајтон*, со една од најпопуларните плажи во *Мелбурн*. Куќа во ова предградие чини околу $3.4 милиони. *Портси*, на полуостровот *Морнингтон*, се наоѓа меѓу првите пет најскапи предградија, со средна цена на куќи од $3.08 милиони. Предградие во кое ќе најдете најскап стан е *Ашбртон*, каде просечна цена на апартмани е $1.3 милиони, а потоа следи предградието *Бомари*.



# Пожарникарите се закануваат со штрајк што ќе ги афектира аеродромите



Пожарникарите кои работат во авијација најавија штрајк за 15 април, на сите главни австралиски аеродроми. Според нивниот синдикат, моментално недостасуваат пожарникари и спасувачи во воздухопловството, што ги става во опасност патниците. Обединетиот сојуз на пожарникари на *Австралија (UFUA)* соопшти дека протекоа документи од нивниот работодавец, *Airservices Australia*, кои покажуваат екстремен ризик на 13 аеродроми и висок ризик на 14 други аеродроми. Затоа е планиран прекин на работата на 27 аеродроми ширум земјата и ќе трае четири часа, од 6 часот наутро на 15 април. Оваа акција може да ги наруши плановите за училишниот распуст, бидејќи за учениците од *Нов Јужен Велс, Јужна Австралија, Тасманија* и *Северната Територија* почнува двонеделен распуст, додека учениците од другите држави тогаш ќе се враќаат на почетокот на второто тромесечие. Претставниците на синдикатите велат, одлуката за штрајк случајно се поклопила со училишниот распуст. Иако *UFUA* тврдеше дека државниот регулатор за воздушна навигација *Airservices Australia* не успеал да ги реши проблемите со ресурсите, а тие пак велат нивото на персонал е адекватно. *„Документите кои се појавија во јавноста, потврдуваат дека австралиските патници се соочуваат со страшен ризик секој пак кога ќе влезат во авион во Австралија, доколку се случи инцидент*" - истакна **Вес Герет**, секретар на синдикалниот огранок за воздухопловство. Според него, на 13 големи аеродроми ширум *Австралија*, вклучувајќи ги *Бризбејн, Мелбурн, Перт* и *Аделаид*, документите потврдуваат дека патниците се соочуваат со екстремен ризик. Патниците на 14-те преостанати аеродроми ширум *Австралија*, како истакна **Герет**, вклучувајќи ги *Сиднеј, Канбера и Хобарт*, се изложени на висок ризик. Покрај тоа, вели, анализата на ресурсите (*TRA*) покажала дека сегашниот број на персонал е значително под оној што треба да биде. *TRA* е меѓународно призната методологија за одредување на бројот на пожарникари, камиони и ресурси потребни за заштита на патниците во случај на најлошото сценарио на аеродромот. *„Срамота е што Airservices од 2022 година знаеше за високиот ризик за патниците во воздушниот сообраќај доколку има инцидент и одби да ги објави документите на јавноста*" - нагласи **Гарет**. Преговорите со работодавачот почнаа во октомври и синдикатот бара да се исполнат 26 точки, но **Гарет** вели „нема напредок". Синдикатот, исто така, бара зголемување на платите за 20 отсто во тек на три години, додека *Airservices Australia* понуди 11.2 отсто за три години. Според *Airservices Australia*, спорот со синдикатот нема никаква врска со бројот на вработени, кој бил доволен за исполнување на оперативните барања. *„Airservices има доволен персонал ARFF да ги исполни нашите регулаторни обврски и вложува милијарда долари во следните десет години во опрема и објекти за екипите за гаснење пожари во воздухопловството*" - се вели во соопштението на работодавачот. Наведено е дека преговарачките барања на синдикатот ќе ја чинат авионската индустрија и патниците дополнителни $128 милиони. Недостатоците на ресурси на аеродромите вклучуваат недостаток на клучен персонал за ракување со апарати за дишење и недостаток на противпожарни агенси за справување со повеќе инциденти. *„Исто така, недоволен персонал и возила за заштита на двете страни на авионот што евентуално се урнал, недостаток на персонал за ефективна команда и контрола на оган на терен и недостаток на процедурална контрола на австралиските аеродроми*" - објасни **Вес Герет**.

## Наместо отпечатоци од прст – ДНК докази сега се вадат од воздухот

Полицијата во иднина би можела да ги лови криминалците и со помош на нови техники за собирање форензички *ДНК* докази од воздухот на местото на настанот. На австралискиот Универзитет *Флиндерс* неодамна ваква метода успешно беше тестирана на конвенционални клима уреди и системи со кои се мери квалитетот на воздухот и постоењето вируси кои се пренесуваат преку воздух во болниците, училиштата итн.

*ДНК* од околината подразбира каков било генетски материјал кој е собран директно од средината, како што е водата, почвата, седименти или воздухот, без присуство на изворен биолошки материјал, односно организми или делови од организми од кои потекнува таа *ДНК*.

Организмите најчесто испуштаат *ДНК* во околината во форма на клетки и ткива како што се влакна или кожа, урина или измет или преку распаѓање на мртви организми. Исиштената *ДНК* некое време останува во околината, каде што може да се собере и да се анализира. Така, човечка ДНК може да се собере од воздухот откако луѓето зборувале или дишеле преку капките плунка и исфрлените клетки од кожата. Форензичарите од Универзитетот *Флиндерс* велат дека тоа може да се искористи како доказ дека некој бил во просторија, дури и ако носел ракавици или ги избришал површините за да нема отпечатоци.

*"Нашата студија покажа дека воздухот кој циркулира низ клима уредите може да собере човечка ДНК затоа што таа лебди низ воздухот и се таложи на површини. Сега знаеме дека еДНК и еРНК извлечени од кожата или плунката може да се најдат и во воздухот, мразот, почвата и водата*" велат австралиските експерти. Пилот-проектот е опишан во списанието *Electrophoresis*, а ги споредува резултатите на примероци земени од четири клима уреди во четири куќи.

Истражувачите сега препорачуваат и дополнителни студии со кои би се одредиле најдобрите места и најдоброто време за тестирање на *ДНК* траги.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

**МИЦКОСКИ ДО КОВАЧЕВСКИ, ПЕНДАРОВСКИ И АХМЕТИ:**

# Ве чека таков пораз што ќе ви зујат ушите од шлаканицата што ќе ви ја испорача народот



- Живееме во тешко време. Македонија се помалку ја има. Народот ја загуби контролата над сопствената држава. Институциите повеќе не служат на народот. Се чека за пасоши, лични карти, за документи кои му следуваат на народот. Овој проблем го препуштија да го решава ВМРО-ДПМНЕ и Тошковски, додека во секоја друга сфера има подеднакво назадување, порача лидеропт на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски во Куманово, во рамки на претседателската кампања.

- Во секој сегмент состојбата е катастрофална. Во здравството докторите и медицинскиот персонал протестираат. Доколку сакате било која здравствена услуга или ќе мора да платите или да побарате врски. Ако не е така ќе мора да чекате по ходници, ќе ве маткаат со процедури, додека не се откажете. Животниот стандард е под секое ниво. Платите не стигаат ни за половина месец. Трошоците се зголемуваат, а платите недоволно растат. Од друга страна колку повеќе народот осиромашува, толку повеќе се богати кликата на власт. Криминалот цвета. Корупција насекаде, правда никаде, рече тој.

- Затоа ова се избори кога народот мора да ја преземе државата и да ја врати контролата во свои раце. Ова се и избори кои ќе испратат граѓаните порака дека луѓето се на прво место. Избори во кој секој еден од вас треба да одлучи за себе, за своите најблиски, за своето семејство. Таа промена зависи од вашата одлука на изборите. Македонија е многу повеќе на народот, отколку на Али, Груби и Ковачевски. Ги чека таков пораз што ќе им зујат ушите од шлаканицата што ќе им ја испорача народот прво на 24 април па на 8 мај, порача Мицкоски.

**ПЕНДАРОВСКИ ГО ПОВИКА МИЦКОСКИ НА ДУЕЛ:**

# „Очигледно ти си шпицен кандидат и за претседател“



Актуелниот претседател и кандидат на СДСМ за втор мандат за шеф на државата, Стево Пендаровски, предлага да има вистински тв-дуел со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски.

- Само во диктатури еден човек решава за сè. Затоа Мицкоски решил да биде и кандидат за претседател и за премиер. Затоа Сиљановска ја гледате во позадина, а на некои митинзи за нејзина промоција таа воопшто и не е присутна. Желбата на Мицкоски да биде и претседател, премиер, а според последните најави спрема мене и мојата фамилија, мислам дека сака да биде и државен јавен обвинител, рече Пендаровски.

Тој потсети и дека бил првиот од седумте кандидати кој уште пред повеќе од три недели предложил т.н. мастер дебата. Но од ВМРО-ДПМНЕ побарале двајца од кандидатите да не учествуваат, ултиматум што не е прифатлив.

На прашање за тоа што Мицкоски му порача оти ќе го апси по изборите, Пендаровски посочи дека ова е доказ дека од него извира Никола Груевски.

# Силјановска Давкова: Како претседател веднаш ќе ги помилувам осудените за 27 април

- Страшно ме погоди судбината на Јане Ченто. Зар е можно судбината на неговиот дедо да се повторува во 21 век, во современа Македонија. Во името на правдата, етиката и моралот, претседателот на државата потребно е понекогаш да се одважи и да посегне по кочницата наречена помилување. Тоа ќе го направам и честопати го споменувам, особено кога ги имам на ум обвинетите од 27 април, рече претседателската кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ Гордана Силјановска Давкова.


Reg. No. A0042461G

АХАМ BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЦИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430,
0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719,
Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


**АНДОНОВСКИ:**

# Небалансираниот Балансер го наполни МПС со 95% Албанци и помалку од 5% Македонци



Балансерот (системот за правична застапеност на етничките заедници во државната администрација од 2016 година наваму) не е темелна вредност на Уставот. Сега сме сведоци колку достигна апсурд, изјави дополнителниот заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Стефан Андоновски.

- Се изгрува законот за вработените во јавниот сектор, по автоматизам се дава позитивно мислење на секоја институција, па така имате институции како Министерството за политички систем (МПС), каде што 95% од вработените се Албанци, а помалку од 5% се Македонци, со што добиваме комплетен дисбаланс, појасни Андоновски.

Тој дополни дека институциите не ги гледаат квалитетите, туку етничката припадност.

- Нашата идеја за напуштање на балансерот ќе оди во две фази. Првата фаза - враќање на Балансерот на процентите кои исклучиво се однесуваат на пописот на резидентно население на Република Македонија во 2021 година. Втората фаза, пак, планираме целосно укинување на Балансерот, односно исклучување на оваа алатка од годишните планови за вработување. Тоа ќе биде дел од коалицискиот договор за идна соработка во Владата, потенцираше Андоновски.

# Владата донесе одлука за престој на вооружени сили на САД во МКД



Македонската Влада, на предлог на Министерството за одбрана, донесе три одлуки: за престој на вооружените сили на САД за Европа на територијата на државата, испраќање на припадници на Армијата за учество на вежбата „EFES 24“ (во Туркије) и на вежбата „Vigorous Warrior 24” (Унгарија).

- Вежбата „Swift Response 24“ ќе се реализира од 24 април до 29 мај 2024 година на армискиот полигон Криволак и е во целосна организација на Вооружените сили на САД за Европа. На вежбата е предвидено учество на припадници од Вооружените сили на САД за Европа со опрема, вооружување, воени и цивилни моторни возила, воздухоплови, беспилотни летала и други материјално-технички средства и изведба на падобрански скокови, боеви гаѓања, стои во соопштението од владиниот прес-центар.

# 4% инфлација во март, по одмрзнувањето цените пораснале за 3,8%



Годишната инфлација во Македонија измерена во март врз основа на трошоците на живот изнесува 4%, додека во однос на претходниот месец таа пораснала за 0,9%. Кај цените на мало тие бележат пораст од 3,8% на годишно ниво и од 15% на месечно ниво, објави Државниот завод за статистика.

Најголем пораст на цените во март во однос на истиот месец од претходната година има кај земјоделските производи од 13,7 %.

Цените на мало во март 2024 година во однос на февруари 2024 година за зголемиле за 1%.

# „Ван Хол“ банкротираше во Белгија, фабриката во Македонија останува активна



*Повеќе нема да се произведува сегментот на градски автобуси, туку само приколки и меѓуградски автобуси*

Белгискиот производител на автобуси и товарни приколки „Ван Хол“ прогласи банкрот. Фирмата ќе ја преземат германскиот производител на приколки „Шмиц Каргобул“ и холандскиот производител на автобуси „VDL“. Од 2.500 вработени во Koningshooikt, во близина на Антверпен, дури 1.850 ќе добијат отказ.

Фабриката на „Ван Хол“ во ТИРЗ Бунарџик крај Скопје би требало да продолжи да работи.

Иле Николов, сопственикот на „Актива“ во Штип (која е партнер со „Ван Хол“) вели дека веќе две години се заговарало за постепено префрлање на целосното производството на компанија „Ван Хол“ од Белгија во Македонија.


**ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО - SYDNEY**

Свежо и првокласно црвено и бело грозје за вино. Првата испорака е **во среда, на 6 март 2024 и потоа секоја среда за 4 недели.** На адреса **"KING TOM CLUB" 223 Edensor rd, EDENSOR PARK.** Испорака од нашите виногради СВЕЖО преку ноќ до вас! Шираз, Кабарнет Савињон, Мерлот ГАРАНТИРАНО!

Дојдете порано, квалитетот е извонреден.

**Тел: Con – 0417 811 397**


# ВУЧИЌ: БЕЛЕЖИМЕ НАВАЛА ОД МАКЕДОНСКИ РАБОТНИЦИ ВО СРБИЈА ВО РАМКИТЕ НА „ОТВОРЕН БАЛКАН“

Претседателот на Србија, Александар Вучиќ, во своето обраќање до јавноста деновиве истакна дека Србија ќе има проблем со работна сила.

- Добро е што направивме легитимации за Отворен Балкан. Еве ја ексклузивната вест: 2.200 лица се пријавиле, главно од Северна Македонија, да дојдат да работат во Србија. Ке имаме проблем со популистичките движења, кои прво ќе бараат да не се работи во недела, па да не се работи во петок, па да се работи 30 часа неделно итн. Ќе имаме и проблеми со населението, иако ситуацијата ни е лоша, но помалку лоша од сите други. За нас е голем проблем што има дел од луѓе кои не прифаќаат повратници од странство - истакна тој.


**ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО - CANBERRA**

Свежо и првокласно црвено и бело грозје за вино. **Секоја вторник од 12 март само за 3 недели, на адреса: 2 Grose St Deakin (Canberra Soccer Club).**

Испорака од бербата на нашите виногради СВЕЖО преку ноќ до вас! Шираз, Кабарнет Савињон, Мерлот ГАРАНТИРАНО!

Дојдете порано, имаме првокласни кутии грозје спакувани со квалитет!!

**Тел: Con – 0417 811 397**

JOHN STONEMART

A WORLD OF NATURAL STONE

MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER



НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250

ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150



Метална кутија со пластична врата

(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*

» ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
» ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
» ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ

310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896

UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966

STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

# Изгоре стариот објект на Универзална сала, повторно „кабелот е крив“!?

Во пожар за чија причина се води истрага изгоре Универзалната сала во Скопје - симбол на светската солидарност од постземјотресната обнова на градот. Проектот е копија на Државниот циркус од Софија (кој изгоре на крајот од 1980-те) и е во форма на татарска јурта (номадски шатор).



- Нема загинати, нема повредени. Направена е материјална штета која наскоро ќе се утврди и потоа ќе се продолжи со градба, рече министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска, која додаде дека објектот бил осигурен за ваков тип настани.

Пожарот избил во понеделникот околу 9:45 претпладне и на скопјани им пружи страшна глетка за моќта на огнената стихија. Всушност изгоре старата конструкција која беше монтажна (претежно иверка) и од 1966 годнина наваму требаше да трае 20 години. Одамна се извадени сите столчиња и друга опрема. Челичната конструкција за новиот објект со иста намена, кој треба да биде изграден - остана. Новата купола беше ставена пред 14 дена и тогаш беше најавено дека таа ќе свети ноќе.

Речиси 10 години Универзална сала е затворена. Имаше разни планови за нејзино уривање и изградба на нов објект. Победи проектот кој треба да го задржи стариот изглед. Откако во февруари годинава Град Скопје (по двегодишно стопирање на работите) се откажа поради немање пари, реконструкцијата на Универзална сала премина на Министерството за култура. Фирмата „Универзал Балкан“ од Скопје е изведувач на работите, а проектант е Бујар Муча од „Мегарон инженеринг“.

Лазар Арсовски, сопственикот на „Универзал Балкан“, кажа дека во моментот на избувнување на пожарот во објектот немало градежни активности, но дека на местото биле присутни еден инженер, чувар и двајца работници.

Тие, како што рече Арсовски, не знаат како настанал огнот но пробале да го изгаснат со противпожарни апарати. Полицијата подоцна однесе тројца од нив во полициска станица за распит.



- Можно е пожарот да настанал од неисправна инсталација, рече Арсовски а на социјалните мрежи предизвика иронија и потсетување дека во Македонија за вакви случаи „кабелот е виновен“ (како во трагедијата со тетовската модуларна олница).

Во гаснењето на пожарот учествувале вкупно 24 пожарникари со девет противпожарни возила. Но пожарот всушност самиот се изгаснал по два часа интензивно горење, откако веќе немало што да изгори.

Поради пожарот екипи на ЕВН го прекинале снабдувањето на електричната енергија во целата околина. Во лифт на блиска зграда останале заглавени две жени кои биле извлечени од страна на Единицата за интервентна полиција.

На Токсикологија се примени две женски лица (на 41 и 48 години) кои имале мала изложеност на гасови. За да го видат пожарот тие излегле на балконот накратко и ја отвориле вратата. Станува збор за мала количество гас што го вдишале. По неколкучасовна опсервација се пуштени дома.






# 61-годишник нападнат од мечка во Велешко, го спасиле неговите кучиња

Мечка го нападнала и повредила 61-годишниот Ц.С. од село Дреновци. Настанот се случил во неделата попладнето, додека тој го враќал стадото крави од пасење на планината Мукос, во атарот на велешкото село Оморани, Општина Чашка. Го спасиле неговите кучиња, кои лаејќи ја избркале.



За среќа Ц.С. минал само со телесни повреди (на грбот и телото) и каснувања (на двете нозе, на едната посериозно), а нападот можел да биде и фатален. Блиските од семејството информираа дека бил под многу голем стрес, а кога отишле кај него не можел ни да комуницира.

Сточарот при нападот од мечката успеал, инстинктивно, по неговото соборување на земја со нозете да се одбрани, а го брането и неговите две помали кучиња. Притоа ситуацијата била сериозна, бидејќи мечката при повеќекратниот напад се обидувала да го зграпчи и да го касне на стомакот, што можело да биде фатално. Потоа, по нападот, повредениот сточар дури имал сила се вратил назад во неговата колиба, заедно со стадотото крави, но таму папсал, изгубил сила, а и најверојатно заради претрпениот шок не се јавил веднаш за помош, при што поминало цело едно деноноќие, известија од Центарот за управување со кризи (ЦУК).

Блиските од семејството, при комуникацијата со ЦУК, информирале дека мечката го напаѓала стадото и другпат, но овојпат директно го нападнала сточарот. Истата мечка во последните три години постојано го напаѓала стадото, при што само во последната година има убиено три крави и неколку телиња. Повредениот сточар, бидејќи цел ден не се јавил дома во неделата (08.04.2024), а неговите блиски од семејството не можеле да го добијат на телефон, следниот ден загрижени отишле директно на планината, во колибата кај стадото крави и таму го затекнале под голем стрес и повреден.



Неговите нозе, покрај раните од каснувањата биле и отечени од ударите при борбата да не го касне на стомак и да го повреди повеќе. На едната нога имал и помала скршеница. Примарно го згрижиле во велешката болница, каде што му е пружена соодветна медицинска нега и му се дадени лекарства, по што е пуштен на домашно лекување.

Бројот на мечки во Македонија е значително зголемен и зачестија нападите врз луѓе. Пред 6 месеци мечка нападна маж во Македонски Брод, помеѓу селата Пласница и Ораоец, кој влегол во планина по шумски плодови. За среќа го спасиле ловци кои случајно биле во близина, па испукале во воздух а мечката побегнала. На почетокот од минатиот месец мечка нападна скијач од Данска на Попова Шапка, кога групата туристи открила мечиња под еден бор. Тој мина со лесни повреди.

# Бара да се сруши споменикот на нејзините предците поради масакарот на Абориџините

**Сузан Хенти**, потомок на првите европски постојани доселеници во *Викторија*, повика на укинување или „свеченото уништување" на споменициte на членовите на нејзиното семејство, поради нивната поврзаност со масакрите на Абориџините. **Хенти**, шеста генерација и директен потомок на доселеникот **Вилијам Хенти**, вели нејзиното семејство ги „поробило" староседелците, а и се докуметирани неколку масакри кои се случиле на имотот на семејството **Хенти** што се наоѓа на крајниот југозапад на Викторија, вклучувајќи го и оној кога надзорник на имотот убил „десетици" Абориџини. Масакрите се случиле меѓу 1830 и 1840 година, а трите браќа **Хенти** се доселиле во *Портланд* во 1834 година и почнале иле-



гално да се населуваат на огромни области во внатрешноста од *Австралија* во 1836 година. *„Процесот на воспоставување на првата населба во Викторија всушност беше војна"* - рече **Хенти** пред Комисијата за проценка на штетите кон староседелците на *Викторија* од европската колонизација.

**Хенти** станала свесна за улогата на своето семејство во тоа што го нарече „геноцид" дури кога отишла на универзитет и присуствувала на предавање кое го одржал припадник на племето *Гундитјмара*, абориџински народ во југозападна *Викторија*. Тоа ја поттикнало да проучи што им правеле белите доселеници на народот *Гундитјмара* во југозападна *Викторија*, вклучувајќи го и нејзиното семејство. Осудата на своите предците ја прави **Сузан Хенти** многу необична меѓу потомците на доселениците во *Викторија*, од кои повеќето не се подготвени јавно да говорат за масакрите кои се сличиле на нивните стари семејни имоти.

Таа ги покани потомците на другите доселенички семејства да разговараат за репарација на автохтоните заедници. *„Оние кои акумулирале меѓу генерациско богатство врз основа на крадење на земја и геноцид мораат да бидат вклучени во признавање на вистината за своето богатство. Додека растев никогаш не ми беше кажано дека семејството **Хенти** било вклучено во организирано етничко чистење на домородните народи"* - рече **Сузан Хенти**. Како што наведува, без дозвола на британските власти, нејзиното семејство илегално се населило на земја која им припаѓала на Гундитјмарите, и при тоа украле десетици илјади хектари земја и водени текови. *„Оваа штета е особено изразена во тековното одземање на земјата на народот Гундитјмара и обележувањето на спомениците на колонијалните личности"* - рече **Хенти**.

Ревизија на спомениците во *Портланд* и околината, покажува дека има пет статуи и споменици специјално посветени на членови на семејството **Хенти** во округот, повеќето од нив во *Портланд*. Од 14 споменици, на речиси сите се спомнува семејството **Хенти**, истражувачката мислија на **Томас Мичел**, кој во 1836 година на браќата **Хенти** им ги открил богатите пастирски земји од внатрешноста и раниот китоловец **Вилијам Датон**, кој бил во *Портланд* кога пристигнале тројцата браќа **Хенти**. Само на два споменици се спомнуваат Абориџините: еден е посветен на **Раџиналд Саундерс**, првиот австралиски воен офицер на Абориџините, и еден познат како Мемоirјал на племето *Гундитјмар*. **Хенти** изјави дека зачувувањето на спомеником на колонизаторите како што се нејзините потомци би значело зачувување на „фантазијата", а нивната судбината, како што вели таа, треба да се стави во рацете на староседелците.

## КУД Танец од Томастаун



*КУД Танец од Томастаун* ги известува сите свои играорци дека тренинзите за 2024 година започнаа во *Thomastown Library (52 Main St. Thomastown)*, со почеток од 18:30 до 20:00 часот. Тренинзите се секој понеделник и примаме нови играорци од 5 години нагоре. Сите што сакаат да го изучуваат македонскиот фолклор и песна нека повелат да се јават кај: **Косте 0431 360 291**






## ММД "Никола Карев" започна со проби и уписи за 2024




Македонското Младинско Друштво *"Никола Карев"* ги известува сите љубители на македонскиот фолклор дека врши упис на нови играорци за 2024 година.

Втората и трета група тренира во среда, од 18:30-20:00 часот.

Прва тренира в понеделник, од 19:00-21:00 часот.

Тренинзите се одржуваат во *Cairnlea Community Hub на 55 Carmody Dr., Cairnlea 3023*

За повеќе информации и упис на нови играорци јавете се на мобилен **0430 370 939**

Со нашите убави ора зачекоруваме во македонската традиција и историјата на нашите предци.

Не чекајте, запишете ги вашите деца да го изучуваат и уживаат во македонскиот фолклор

# Србин дивеел на бензинска во Јосифово, па прободел лице кое славело раѓање на бебе

Основното јавно обвинителство *Гевгелија* поведе постапка против државјанин на *Република Србија*, осомничен за кривично дело – Насилство од член 386 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик.

*„Осомничениот во неделата, на 31 март, во раните утрински часови, извршил грубо насилство врз едно лице во угостителски објект на бензинска пумпа во Јосифово. Додека оштетениот со друштво од 15-20 лица, негови другари, прославувале раѓање на новородено дете во угостителскиот објект, на друга маса седел осомничениот со уште едно лице"*, се вели во соопштението на Обвинителството.



*„Двајца државјани на Србија под дејство на алкохол започнале да кршат, да удираат по телевизорот и му се заканувале на сопственикот на објектот кој побарал од нив да си заминат, затоа што станале агресивни. Револтирани затоа што биле избркани, тие излегле од објектот до нивниот камион, по што осомничениот се вратил назад пред влезот каде што се наоѓал оштетениот кој во тој момент зборувал на телефон. Без посебен повод и причина, се втурнал во оштетениот и го прободел со нож во левата страна од градниот кош, нанесувајќи му убодна рана. Осомничениот веднаш се дал во бегство, трчајќи кон камионот, но бил спречен од лица кои биле гости во угостителскиот објект. Со насилството тој предизвикал чувство на несигурност, загрозеност и страв и кај останатите гости"*, се додава во соопштението на *ЈОРСМ*.

Бидејќи постојат околности кои укажуваат на опасност од бегство, судија на претходна постапка му определи мерка притвор на осомничениот странски државјанин.

# Запалена сува трева изгорела пет возила под Кале

Запалена сува трева зафатила пет автомобили кои биле паркирани на дивиот паркинг под Американската амбасада на скопското *Кале*. Се уште не е познато кој го предизвикал пожарот.



*„На 6 април во 13:25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Лазар Личеновски", на дивиот паркинг кај поранешниот полигон настанал пожар при што горела сува трева. Од пожарот целосно биле опожарени пет патнички возила со скопски регистарски ознаки: „сеат леон" сопственост на* ***Б.А.****(32) од Скопје, „мерцедес" сопственост на* ***М.Г.****(41) од Скопје, „сеат леон" сопственост на* ***М.Т.****(19) од нас.Илинден, Скопје, „тојота" сопственост на* ***А.Т.****(28) од Скопје и „рено" сопственост на* ***Б.Б.****(42) од Скопје.*

*Исто така, од пожарот делумно било опожарено и патничко возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки, сопственост на* ***А.А.****(39) од Скопје"*, стои во Билтенот на *МВР*.

Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна единица *Скопје*.

# Почина жената која пред 1 месец беше ранета од македонски државјанин на патарина во Прешево

30-годишната **B.J.** која беше ранета во пукање на патарина кај *Прешево* од страна на македонски државјанин во „ауди" со македонски регистарски таблички, починала во Универзитетскиот клинички центар во *Ниш*.

Македонскиот државјанин родум од *Тетово* и жената родум од *Србија* биле во возилото кое српската сообраќајна полиција го запрела поради брзо возење. Возачот добил казна но веднаш потоа избила кавга во возилото, а во еден момент сопатничката излегла од автомобилот и почнала да бега. Мажот излегол и испукал неколку куршуми, по што побегнал. Но по кратко време се вратил кај колата и се самоубил.

# Додека ја орал нивата пронашол 80 гранати



Во полициската станица во *Новаци* **Ж.А.** пријавил дека при работа во неговата нива во село *Рибарци*, Битолско, пронашол 80 стари гранати, соопшти *МВР*. За настанот бил известен пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување, кој утврдил дека се работи за минофрлачки гранати од Првата светска војна со калибар 60 милиметри и кои безбедно ги подигнал.

На лице место бил извршен и увид од страна на дежурната увидна екипа.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com* Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Филмот на Столевски продолжува да ги собира наградите на австралиската филмска критика





Филмот *"Of an age"* на австралиско-македонски- от автор и режисер, **Горан Столевски**, ги освои наградите: Најдобар филм, Најдобар режисер и Најдобро сценарио од Асоцијацијата на австралиската филмска критика *-The Australian Film Critics Association (AFCA)*.

Оваа Асоцијација е професионално здружение кое ги застапува гласовите на австралиските филмски критичари, рецензенти и новинари ангажирани во светот на кинематографијата. Годишните награди ги препознаваат категориите во австралискиот и меѓународниот филм, а филмските награди се одредуваат со процес на гласање во два чекори.

Наградениот филм на **Горан Столевски**, *"Of an Age"*, е силна хомосексуална одисеја, на австралискиот тинејџер со српско потекло **Никола**, која што засекогаш ќе го промени животот на главниот карактер. Приказната на *"Of an Age"* е сместена во прозаично мелбурншко предградие во 90тите години, свет толку близок и познат по својата естетика за мигрантите во *Австралија* и денес. Овој филм пред две години го отвори Меѓународниот филмски фестивал во *Мелбурн – Melbourne International Film Festival*, а на фестивалот во *Западна Австралија CinéfestOZ Film Festival*, ја освои највисоката парична награда во индустријата, вредна 100.000 долари.

Наградa што се доделува за извонредност во занаетот на создавање австралиски игран филм или долгометражен документарен филм. Главните улоги во филмот ги толкуваат актерите **Том Грин**, **Илајас Ентон** и **Хети Хук**, а во филмот игра и австралиско-македонската актерка од *Битола*, **Дона Димовска- Кантаровски**.

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиското Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

## ИНТОЛЕРАНЦИЈА ИЛИ АЛЕРГИЈА НА ГЛУТЕН:

# 360.000 Австралијци боледуваат од целијакија



Глутенот е комплексен растителен протеин кој се наоѓа во одредени житарици како пченица, јачмен, 'рж и овес. Се состои од протеините глијадин и глутенин и ја дава еластичноста на тестото подготвено од брашната од овие житарици, односно, помага на храната да ја задржи својата форма, делувајќи како лепак. Поради ова негово својство, глутенот се додава во многу други намирници, за подобрување на текстурата, за згуснување, стабилизирање. Па така, покрај тестенините и печивата, глутенот е составен дел и може да се најде во многу други прехрабени производи како, пиво, сокови, кечап, преработки од месо, сладоледи, десерти, козметички производи за кожа и коса, лекови и др. Токму заради проблемите што се јавуваат кај некои луѓе од неговата застапеност во сите производи, глутенот во изминатите години стана тема од значителен интерес и истражување.

*Целијакија* е хронична автоимуна болест што се одликува со неподносливост на организмот на глутен – белковина од пченица, јачмен, 'рж, овес и е болест која е во пораст и тешко се открива.

Се проценува дека 360.000 Австралијци, или еден од 70, има целијачна болест, при тоа четворица од пет не знаат дека ја имаат, покажува истражувањето на организацијата *Целијакија Австралија.*

Ова се случува и покрај тоа што се повеќе Австралијци го исклучуваат глутенот од својата исхрана, кој може да предизвика целијакија.

Целијакија може да се развие на која било возраст. За оние кои ја имаат оваа болест, при конзумирање на производи кои во себе имаат глутен, а тој се наоѓа во се, од леб и соја сос до гуми за џвакање, поттикнува имунолошки одговор кој предизвикува воспаление во тенкото црево и може да ја спречи апсорпцијата на хранливи материи.

*„Во текот на последните 50 години, има четирикратно зголемување на болеста“* - вели гастроентерологот **Џејсон Тај-Дин**, шеф на лабораторијата за истражување на целијакија при Институтот за медицински истражувања *Волтер и Елиза Хол* во *Мелбурн*.

Постојат долгорочни здравствени проблеми кои можат да произлезат од целијакија.

*„Луѓето кои ја имаат оваа болест, не се соочуваат само со недостаток на хранливи материи, како недостаток на железо, туку и други ефекти, како што се неплодност, абнормална функција на црниот дроб, намалување на густината на коските и остеопороза, зголемена стапка на инфекции и зголемена стапка на одредени видови на рак“* - истакна д-р **Тај-Дин**.

Иако сите се различни, постојат класични симптоми на целијакијата, вклучувајќи надуеност, дијареа, губење на тежината и болки во стомакот.

Д-р **Тај-Дин** нагласи дека околу десет до 15 отсто од австралиската популација го намалува внесот на пченица или глутен од различни причини, што создава проблем при тестирањето на оваа болест.

*„Кога луѓето не внесуваат глутен, тестот на крвта што се користи за скрининг за целијакија повеќе не е точен, луѓето мораат да имаат глутен за да предизвикаат имунолошки одговор кој може да се открие“* - објасни д-р **Тај-Дин**.

Единствената достапна опција тогаш е луѓето да се вратат на глутенот. Се разбира, тие не го сакаат тоа бидејќи се чувствуваат лошо.

Затоа постои и генетски тест. Семејната историја на целијакија е еден од најголемите фактори на ризик за болеста.

*„Доколку тестот е негативен, можете да ја исклучите целијакијата, меѓутоа, генетската врска се однесува само за околу половина од случаите“* - објасни овој доктор.

Новиот тест на крвта кој го развива неговиот тим за да ја тестира болеста дури и кај луѓе кои се на диета без глутен изгледа ветувачки.

*„Убедени сме дека во следните неколку години лекарите ќе можат да го вклучат овој тест во својата пракса“* - изјави д-р **Тај-Дин**.

Во моментов, диетата без глутен е единствениот третман за целијакијата. Меѓутоа, оваа диета не функционира за секого.

*„Некои луѓе и понатаму имаат некои симптоми или оштетување на цревата. Значи, постои реална потреба од подобри третмани“* - нагласи овој доктор.

Тој рече дека постои голем интерес кај фармацевтските компании за развивање подобри начини за лекување на болеста, вклучувајќи орални лекови и терапии со инјекции. Станува збор за нови начини на лекување кои допрва треба да даваат резултати.

Гастроентерологот **Џејмс Дејвсен** е водечки истражувач во студијата на Универзитетот во *Квинсленд* и *Истражувачкиот институт Весли*, чии резултати покажуваат дека 14 отсто од генетски загрозените деца имаат недијагностицирана целијакија.

Тој изјави, особено за децата, вообичаените симптоми на целијакијата вклучуваат:

- *Постојан замор или мозочна магла*
- *Тешкотии да поминат низ училиште*
- *Намален академски успех во училиште*
- *Лошо негување и состојба на забите*
- *Недостаток на железо кај тинејџерите*
- *Нарушување на растот или низок раст*

Храната без глутен е честопати поскапа, што за многумина оваа исхрана е порестриктивна.

*„Меѓутоа, главната грижа е што тоа не се работи за нутритивно супериорна исхрана од нормалната. Може да има помалку железо и влакна и други микронутриенти, како што се магнезиум и цинк, фолна киселина и Б12. Покрај тоа, одредена преработена храна без глутен може да имаат повеќе едноставни шеќери и заситени масти“* - истакна д-р **Тај-Дин**.




# Филипините бараат да продолжи дијалогот со Кина за деескалација на тензиите во Јужното Кинеско Море



Филипинскиот претседател **Фердинанд Маркос Џуниор** ја повика Кина на разговори за да се спречат идни судири меѓу бродовите и употреба на водени топови во Јужното Кинеско Море.

*„Филипинските официјални лица продолжуваат да се среќаваат со кинески високи претставници, обидувајќи да разговараат со кинеското раководство за да се избегне ескалација на тензиите“*, рече **Маркос Џуниор**.

Одбраната и вооружените сили на *САД, Јапонија, Австралија* и *Филипините* минатава недела извршија поморски вежби во филипинската ексклузивна економска зона во *Јужното Кинеско Море.*

Филипинскиот претседател рече дека се надева оти маневрите ќе помогнат да се деескалираат тензиите со *Кина* во спорните води.

Подоцна оваа недела, лидерите на *Јапонија, Соединетите Американски Држави* и *Филипините* ќе учествуваат на самит во *Вашингтон* на кој ќе разговараат за прашања како што се неодамнешните судири во *Јужното Кинеско Море.*

# Дефект на банкомати им овозможил да подигнат милиони кои ги немале



Најголемата комерцијална банка во *Етиопија* се обидува да врати големи суми пари што ги подигнале клиентите по *„системски дефект“*.

Клиентите на банката откриле дека можат да подигнат повеќе готовина отколку што имале на нивните сметки минатава сабота. Повеќе од 40 милиони долари се повлечени или префрлени во други банки, објавија локалните медиуми. На институцијата ѝ требаа неколку часа да ги замрзне трансакциите.

Најголем дел од парите биле повлечени од банкарскиот систем од страна на студенти, изјави претседателот на банката **Абе Сано**.

Вестите за прекинот се прошириле низ универзитетите главно преку апликации за пораки и телефонски повици.

На банкоматите во студентскиот блок се формираа долги редици, а еден студент, кој сакаше да остане анонимен, рече дека неговите колеги ваделе пари додека не дошла полицијата.

Тој рече дека *„не верувал дека е вистина“* кога неговите колеги му рекле дека околу 01:00 часот по локално време е можно да се подигнат големи суми од банкоматите. Друг студент, од Универзитетот *Дил* во јужна *Етиопија*, рече дека неговите врсници земале пари од банкоматите помеѓу полноќ и 02:00 часот по локално време.

Повеќе од 38 милиони луѓе имаат сметки во оваа банка, која е основана пред 82 години.

Централната банка на *Етиопија*, која служи како раководно тело на финансискиот сектор, во неделата издаде соопштение во кое се вели дека имало „неисправност“ за време на „активностите за одржување на системот“.

Изјавата, сепак, се фокусираше на прекинатата услуга што се случи откако *СВЕ* ги замрзна сите трансакции. Најмалку три универзитети издадоа изјави во кои ги советуваат студентите да ги вратат сите пари што можеби ги зеле од банкоматите на СВЕ што не им припаѓаат. Секој што ќе ги врати парите нема да одговара за кривично дело, соопштено е.

Не е познато колку пари се вратени, а еден студент на Универзитетот *Џима* рече дека не слушнал некој да ги вратил парите.

**МОДИ:**

# Индија покажа дека нема невозможни работи



Во услови кога светот моментално се соочува со различни тешкотии *Индија* покажува дека ништо не е невозможно да се постигне, изјави индискиот премиер **Нарендра Моди**.

Тој рече дека ова се случило поради секој глас на народот. – Колку и да е тешка целта, ако *Индија* е решена да ја постигне, сигурно ќе го направи тоа.

Денес, со оваа инспирација и енергија, работиме кон постигнување на решение за развиена Индија, рече тој за време на неговата изборна кампања.

Индискиот премиер истакна дека имало време кога владата на партијата Индиски национален конгрес барала помош од светот, а во исто време, за време на пандемијата на Ковид, лековите на целиот свет му биле обезбедувани токму од *Индија*.

*Индија* стана најбрзо растечка економска сила во светот, дали се гордеете со тоа? Големиот самит на *Г20* што се одржа во Индија беше пофален низ целиот свет, додаде тој.

*Кога земјата ќе стане силна, светот ќе ја слуша*, рече **Моди**.

# Набргу ќе можеме да ја видиме космичката експлозија со голо око, се гледа еднаш во животот

Небесен танц меѓу две ѕвезди оддалечени 3.000 светлосни години ќе резултира со експлозија толку сјајна што ќе биде видлива со голо око со денови, изјавија астрономите од Универзитетот *„Нотингем Трент“*. Експлозијата што се случува еднаш во животот во системот *T Coronae Borealis* ќе се појави како нова ѕвезда, која силно свети на ноќното небо пред да избледи и исчезне во следните 80 години. Професорот **Даниел Браун** објаснува дека овој небесен настан се нарекува „нова“ кога осветленоста на ѕвездата бргу се зголемува. Според него, не е лесно да се предвиди кога ќе биде тој настан, но верува дека тоа може да се случи до септември.

*„Ни претстои задоволство, ќе видиме таканаречена нова ѕвезда на небото“, рече Браун и истакна дека T Coronae Borealis не е само една ѕвезда, туку две ѕвезди што орбитираат една околу друга. „Она што го прави овој пар толку исклучителен е тоа што одвреме-навреме ја зголемува својата светлина толку многу што станува лесно видлива за нас“*, рече астрономот.

Помасивната ѕвезда во парот е бело џуџе, кое во обем колку нашата *Земја* може да има иста маса како и нашето *Сонце*, рече **Браун**. Придружникот во тој пар беше старечки црвен џин, кој се ширеше и го депонира својот материјал на белото џуџе.

*„Речиси на секои 80 години бело џуџе собира доволно материјал за да се запали во термонуклеарна експлозија и во голема мера да ја засили својата светлина“*, рече **Браун**.

*„Сега е време за уште една ваква експлозија за T Coronae Borealis, чија светлина едвај видлива со двоглед на темното небо, ќе се зголеми и ќе биде споредлива со ѕвездите во системот Плуг и ќе биде видлива за голо око дури и на загаденото небо. 'Новата' ќе стане видлива во близина на соѕвездието Херкулес“*, додаде тој. Астрономите објаснуваат дека „новите“ во суштина се како водородни бомби.


Austral aluminiumproducts

Commercial Available

Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.



Најдобрите и најквалитетни алуминиумски прозорци и врати, со светски дизајн и врвен квалитет, по најповолни цени ќе ги најдете кај нас

Ph.: (03) 9357 4177

Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)

www.australw.com.au

# Русија бара помош од Казахстан во бензин по украинските напади со дронови

*Русија* побара од *Казахстан* да биде подготвен да му испорача 100.000 метрички тони бензин што ќе се користат во случај на недостиг од украинските напади со дронови.

Ова го пренесува *Ројтерс*, повикувајќи се на три извори од индустријата. Според еден од нив, зделката е веќе договорена.

Советникот на министерот за енергетика на *Казахстан*, **Шингис Илјасов** рече дека такво барање не е примено во неговото министерство, а релевантниот руски оддел не одговорил на барањето на агенцијата за коментар. *Белорусија* веќе се согласи да ѝ помогне на Русија со снабдување со бензин доколку е потребно.

Овој потег доаѓа откако нападите со беспилотни летала исфрлија околу 14 отсто од рускиот примарен капацитет за рафинирање (втор по големина производител на нафта). Досега властите велат дека состој-



бата на домашните пазари за гориво е стабилна и залихите се доволно големи.

Руските нафтени компании беа принудени да увезуваат бензин. Москва воведе шестмесечна забрана за извоз на бензин од 1 март за да спречи акутен недостиг на гориво, иако тоа не се однесуваше на Казахстан и другите во Евроазиската економска унија и земји како *Монголија*. Трговците, сепак, очекуваат забраната да биде продолжена доколку ситуацијата се влоши.

Минатата недела, рафинеријата за нафта во *Орск* го запре производството поради големите поплави кои го зафатија регионот по пукањето на брана.

## Украина ќе ја изгуби војната ако не добие помош



**Володимир Зеленски** призна дека Украина ќе ја изгуби војната со *Русија* ако не добие помош од *САД*. Предложениот пакет од над 60 милијарди долари со месеци е заглавен во американскиот Конгрес поради блокадата од републиканците.

*„Неопходно е јасно да му се каже на Конгресот дека ако не ни помогне, Украина ќе ја изгуби војната. Ќе ѝ биде тешко на Украина да преживее без таа помош. А, ако изгубиме, и други држави ќе бидат нападнати“*, кажа **Зеленски**.

Украинската војска веќе подолго време се соочува со недостиг на муниција и војници и стравува дека *Русија* ќе покрене нова офанзива во следните месеци.

Во исто време, руските сили продолжија да напредуваат на источниот фронт и по освојувањето на *Авдивка*, го стегаат обрачот околу градот *Часив Јар*. *Киев* признава дека ситуацијата кај овој град е многу тешка, но дека украинските сили се држат. Часив *Јар* е оддалечен само 30-ина километри од Краматорск, кој е важен транспортен и логистички центар.








### ВАШИНГТОН ПОСТ:

## Трамп би извршил притисок врз Украина да се откаже од Крим и Донбас

Поранешниот претседател **Доналд Трамп** неколкупати до сега во своите јавни настапи изјави дека може да ја прекине руската војна во *Украина* со притисок врз нејзината влада да се откаже од дел од својата територија, и покрај постојаното и жестоко одбивање на украинските лидери да го прифатат ваквиот чекор. Според **Трамп** на војната би можел да и се стави крај во рок од еден ден доколку тој би се вратил на претседателската функција, и открил неколку детали од неговиот план.

Дел од неговите соработници кои сакале да останат анонимни во изјава за *„Вашингтон пост“* рекле дека **Трамп** сака да изврши притисок врз *Украина* да ги отстапи *Крим* и пограничните региони на *Донбас* на *Русија*.

*Русија* го заседе *Крим* пред една деценија. Сепаратистите поддржани од *Русија* се борат во *Донбас* веќе неколку години, а *Русија* ја презеде контролата врз некои области во регионот по инвазијата врз Украина пред повеќе од две години.

**Антон Герашченко**, советник во Министерството за внатрешни работи на *Украина*, го отфрли планот на **Трамп**. Отстапувањето на земја би било штетно за Украина – и за светот, рече тој.

*„Во реалноста, тоа би значело конечен колапс на светскиот поредок по Втората светска војна и сигнал дека законот на сила сега ја надминува силата на законот“*, истакна тој.

### АМЕРИКАНСКИ ГЕНЕРАЛ КАВОЛИ:

## Украина наскоро ќе остане без артилериски гранати и системи за ПВО



Командантот на европската команда на американската армија **Кристофер Каволи** изјави дека *Украина*, без американска поддршка, наскоро ќе остане без артилериски гранати и системи за противвоздушна одбрана. *„Ако едната страна може да пука, а другата не може да возврати, таа ќе изгуби“. Влоговите се многу големи“*, изјави **Каволи** пред Комитетот за вооружени сили на Претставничкиот дом. Тој предупреди дека без помош, *Украина „ќе остане ранлива на делумен или целосен пораз“*. Републиканскиот претседател на Претставничкиот дом одбива да свика гласање за нацрт-законот со кој на *Украина* ќе и се додели помош од 60 милијарди долари.

## Уставниот суд на Шпанија ја суспендира иницијативата за независност на Каталонија

Шпанскиот Уставен суд ја суспендираше законодавната иницијатива на каталонскиот Парламент, пет месеци од поднесувањето, за започнување на процесот за независност, чиј прв чекор е референдум.

Иницијативата автоматски беше суспендирана откако Уставниот суд прифати да ја разгледа жалбата на Владата на **Педро Санчез**.

**Санчез** во декември му порача на каталонскиот регионален претседател **Пере Арагонес** дека „не доаѓа предвид“ организирање на референдум за самоопределување на *Каталонија*. Според **Санчез** со таков референдум би се прекршил Уставот од 1978 година. Резултатите од анкетата спроведена минатата година за каталонската регионална Влада покажаа дека 51 отсто од Каталонците на референдум би ја отфрлиле независноста на регионот, додека 42 проценти би ја поддржале.



# АВСТРАЛИСКИ ЛЕКАРИ: „ДОЛГ КОВИД“ НЕ ПОСТОИ, СИМПТОМИТЕ НА КОРОНА ВИРУСОТ НЕ СЕ РАЗЛИКУВААТ ОД ГРИПОТ

Долг ковид не се разликува од другите пост-вирусни синдроми што луѓето ги чувствуваат, на пример, грип, според новото истражување на Квинсленд Хелт.

Водачот на студијата и здравствен лидер на Квинсленд, д-р Џон Џерард, вели дека е време да престанеме да ги користиме термините како „долг ковид“, бидејќи тие имплицираат дека има нешто уникатно во долгорочните симптоми поврзани со вирусот.

Постојат различни дефиниции за „долг ковид“, но Светската здравствена организација го дефинира како луѓе кои продолжуваат да искусуваат симптоми три месеци по првичната инфекција со Ковид-19 и кога тие симптоми не можат да се објаснат со алтернативна дијагноза.

Новата студија опфати 5.112 возрасни лица со респираторни симптоми кои направиле PCR тест помеѓу мај и јуни 2022 година. Од нив, 2.399 биле позитивни на Ковид, 995 на грип и 1.718 биле негативни за двете.

Една година по тестот, учесниците во студијата беа прашани дали сè уште имаат одредени симптоми или влошена здравствена состојба.

Вкупно 16 отсто од нив одговориле дека сè уште чувствуваат симптоми, а 3,6 отсто пријавиле умерено до тешко влошување кое имало последици по нивниот секојдневен живот.

Резултатите од студијата, која Џерард ќе ги презентира на Европскиот конгрес за клиничка микробиологија и заразни болести во Барселона, не нашле докази дека оние кои имале ковид-19 имале поголема веројатност да имаат функционални ограничувања од оние кои немале ковид.

Процентот на оние кои доживеале долгорочно влошување по инфекција со Ковид-19 е сличен на процентот на луѓе кои исто така доживеале долготрајни симптоми и влошување по грип - три проценти наспроти 3,4 проценти.

Студијата, исто така, ги разгледа специфичните симптоми кај пациенти со умерено и тешко влошување и откри дека меѓу оние кои имале и оние кои го немале, истиот процент од пациентите (94 проценти) пријавиле еден или повеќе од вообичаените симптоми на „долг ковид“ - замор, „мозочна магла“, промени во вкусот и мирисот...

## хумор - хумор - хумор - хумор

Работел некој фризер во некој град во САД. Еден ден кај него дошол некој цвеќар да се потстрижува, кога фризерот го потстрижал, цвеќарот го прашал колку треба да плати. Фризерот му одговорил дека тој работи од хоби и дека не може да му земе пари... Цвеќарот заминал сиот среќен.

Утредента кога фризерот дошол на работа на прагот нашол прекрасен букет цвеќе.

Другиот ден кај фризерот дошол еден пекар и откако го потстрижале, тој прашал колку треба да плати, фризерот одговорил дека работи од хоби и не сака пари. И пекарот заминал среќен.

Утредента фризерот на прагот нашол прекрасна торта.

Третиот ден доаѓа во фризерницата еден Македонец откако го постражале и тој прашал колку треба да плати, фризерот пак одговорил дека работи од хоби и дека не треба да плаќа. Македонецот сиот среќен заминува.

Утредента што нашол флизерот пред неговата врата???

Што?

Имате ли идеја?

Размислувајте како Македонец!

Нашол 20 Македонци кој чекале ред за да се потстрижат!!!!!




REPUBLIKA
ENTERTAINMENT
nexTime
Band
SPECIAL GUESTS
GOCE DIMOVSKI , NIKOLA MICEVSKI & DZIGER
LAMBE
Alabakoski
SYDNEY
APRIL
05
SOLD OUT
RLAND
.COM.AU
BOMBA: 0411 244 202
REPUBLIKA: 0400 783 547
WOLLONGONG
APRIL
12
THE FRATERNITY
TICKETS- LIDIJA MITRESKA: 0475 823 540
PECE BUREK: 4276 2945
GOLD COAST
APRIL
14
ROBINA COMMUNITY CENTRE
TICKETS: TRYBOOKING.COM
INFO- LAZAR: 0431 184 155
MELBOURNE
APRIL
19
Q-ROOM THOMASTOWN
TICKETS: TRYBOOKING.COM
INFO- REPUBLIKA: 0400 783 547
SYDNEY
APRIL
26
NEW DATE!
ROCKDALE ILINDEN SPORTS
TICKETS- GORAN BOMBA: 0411 244 202
IVO KONJARSKI: 0411 155 947
PERTH
APRIL
27
MNO VARDAR
TICKETS- NAUM: 0413 233 232
DAME: 0433 286 770




# НАД 3.400 ЖЕНИ ТРЧАА НА „АВИЦЕНА ЖЕНСКАТА ТРКА“ ВО СКОПЈЕ

Најмасовна досега, со 3.420 учеснички, беше „Авицена женската трка“ во Скопје, чие што 12-то издание се одржа минатиот викенд.

Учесничките на трката беа поделени во девет категории, а најдобар резултат имаше Теа Божиновска од атлетскиот клуб „Скопски маратон“, која трите километри ги помина за 11:01 минути.

Трката беше во организација на Сојузот на спортови на Скопје, а под покровителство на Град Скопје.

# Катерина Ацевска е вицешампион на Европа



На ЕП е во Питешти, Романија, Ацевска во У-21 загуби од Германката Лота Сандер 0:50. Таа и во групната фаза загуби од оваа противничка, но беше подобра од Дијана Скрипнуик (Украина) по што обезбеди пласман во полуфиналето, каде што ја совлада Француженката Жаде Сеел. Ацевска е и одлична џудистка, за што доказ е и неодамнешното петто место од младинското ЕП во овој спорт.

Нашите останати членови Јаким Колевски, Антонио Стојчески и Данил Николиски и покрај храбрите и одлични борби не успеаа да дојдат до еден од медалите. Со оглед на сериозноста на турнирот собраа многу искуство што носи едно вакво Европско првенство.

На ЕП учествуваа 1.041 спортист со 1.109 натпреварувачки вле-зови од 29 држави.

# Ивковиќ од Брера приведен, по мечот со Тиквеш нападнал противнички играч

Натпреварот од 26. коло на Првата македонска фудбалска лига меѓу Тиквеш и Брера кој во Кавадарци го доби домаќинот со 3:1 имаше и „трето полувреме“.

Се случил инцидент по мечот во кој српскиот фудбалер на Брера Ѓорѓе Ивковиќ (28) физички го нападнал Даниел Карчески (32) од Тиквеш.

На тоа реагирале полициските службеници и го привеле асот на струмичани.

Поднесена соодветна пријава до Обвинителството за Србинот.

# ПМФЛ: Наеднаш тимовите од дното „парче ги прават“ оние од врвот



Се случуваат неверојатни работи. Трите водечки екипи: Струга ТЉ, Шкупи и Шкендија не успеаја да победат. Лидерот и шампионот Струга ТЉ загуби од Вардар, Шкупи беше поразен од Брегалница а Шкендија извлече реми во Ѓорче.

Најтрофејниот фудбалски клуб Вардар минимално славеше со 1:0 на стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари. Скопскиот тим дојде до победата со погодокот на Дејан Ѓуриќ, а по натпреварот откри дека овој триумф е голем јубилеј. Имено Вардар стигна до бројката од 500 победи во најсилната македонска фудбалска лига.

Брегалница под водство на новиот стратег Трајче Сенев успеа да го победи Шкупи со 1:0 и со тоа да фати приклучок во битката за опстанок. Ова значи дека "сините" немаат намера така лесно да се предадат. Се уште се последни, но сега со -3 бода од деветиот Работнички кој, исто така со нов тренер, освои бод кај Воска.

Од седмата Брера до последната Брегалница разликата е само 5 бода, значи до крајот не чека пекол во битката за опстанок. Последните две директно испаѓаат а десеттиот игра бараж, најверојатно со Детонит од ВМФЛ, за опстанок во елитата.

Во Охрид имаше класичен кикс на помошниот судија на средбата Воска – Работнички. На гостите, по ударот на Мазари, не им беше признат чист гол, и така мечот заврши со резултат 1:1.

До крајот има да се играат уште седум кола. Секој гол, секој бод е пресуден во битката за титулата или битката за опстанок.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Резултати 26. коло

| | |
|---|---|
| БРЕГАЛНИЦА – ШКУПИ | 1:0 |
| МАКЕДОНИЈА ЃП – ШКЕНДИЈА | 1:1 |
| ТИКВЕШ – АП БРЕРА | 3:1 |
| ВАРДАР – СТРУГА ТЛ | 1:0 |
| ВОСКА СПОРТ – РАБОТНИЧКИ | 1:1 |
| СИЛЕКС – ГОСТИВАР | 0:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Струга ТЉ | 26 | 17 | 3 | 6 | 54 |
| 2. Шкупи | 26 | 14 | 9 | 3 | 51 |
| 3. Шк’ндија | 26 | 13 | 9 | 4 | 49 |
| 4. Силекс | 26 | 9 | 10 | 7 | 37 |
| 5. Тиквеш | 26 | 10 | 6 | 10 | 36 |
| 6. Гостивар | 26 | 7 | 12 | 7 | 33 |
| 7. Брера | 26 | 8 | 6 | 12 | 30 |
| 8. Вардар | 26 | 8 | 5 | 13 | 29 |
| 9. Работнички | 26 | 8 | 4 | 14 | 28 |
| 10. Воска | 26 | 6 | 10 | 10 | 28 |
| 11. Македонија ЃП | 26 | 7 | 4 | 15 | 25 |
| 12. Брегалница | 26 | 6 | 7 | 13 | 25 |

## ВТОРА МФЛ

Резултати од 23. коло

| | |
|---|---|
| АРСИМИ – ОХРИД | 0:0 |
| КАРАОРМАН – ТЕТЕКС | 1:4 |
| САСА – ОСОГОВО | 2:1 |
| КОЖУВ – БАШКИМИ | 2:0 |
| НОВАЦИ – БЕЛАСИЦА | 1:3 |
| ДЕТОНИТ - ПОБЕДА | 1:1 |
| ВАРДАР (Н) - БЕСА | 0:1 |
| СКОПЈЕ - ПЕЛИСТЕР | 0:1 |

Табела

| | |
|---|---|
| 1. БЕСА | 60 |
| 2. ПЕЛИСТЕР | 54 |
| 3. ДЕТОНИТ | 46 |
| 4. АРСИМИ | 41 |
| 5. ОХРИД | 37 |
| 6. СКОПЈЕ | 35 |
| 7. БАШКИМИ | 34 |
| 8. БЕЛАСИЦА | 30 |
| 9. КОЖУФ | 28 |
| 10. ВАРДАР (Н) | 28 |
| 11. НОВАЦИ | 24 |
| 12. ТЕТЕКС | 24 |
| 13. ПОБЕДА | 23 |
| 14. ОСОГОВО | 20 |
| 15. САСА | 17 |
| 16. КАРАОРМАН | 15 |

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**ВИКТОРИСКА ПРЕМИЕР ЛИГА 1, 8 КОЛО**

## Норт Џилонг Вориорс – Престон Македонија 2:4



Силен почеток имаше Престон Македонија и заслужено дојде до водство преку Конор Бел кој во осмата минута ја затресе мрежата за 0:1. Малку подоцна Матју Вилан во 15 минута го зголеми водството на 0:2. Домаќинот пред крај на првиот дел намали преку Серџио Ескадеро, кој во својата втора шанса на средбата се запиша како стрелец за 1:2.

Само што започна второто полувреме Вил Бенјам ја затресе мрежата за 1:3. Две минути подоцна, во 47 минута, Бенјам со удар надвор од шеснаесетникот повторно се запиша како стрелец за 1:4.

Норт Џилонг конечниот резултат го постави по досудениот пенал во 57 минута, а егзекутор на најстрогата казна беше Рајан Оперман за 2:4.

Во петок, на 12 април, Престон Македонија ја пречекува екипата на Каролајн Спрингс Џорџ Крос со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 20 |
| Лангварин | 15 |
| Булин Лајонс | 14 |
| Брансвик Сити | 13 |
| Норткот Сити | 13 |
| Престон Македонија | 12 |
| Кинстон Сити | 11 |
| Бентли | 10 |
| Вестерн Јунајтед | 9 |
| Каролајн Спрингс | 9 |
| Истерн Лајонс | 6 |
| Мелбурн Сити | 6 |
| Вереби Сити | 6 |
| Норт Џилонг | 0 |



**ПРВА ДРЖАВНА ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 2 КОЛО**

## Сиднам Парк Македонија – Џилонг Македонија 3:3



Македонското дерби во Првата државна лига на Викторија се одигра минатава сабота, со братска поделба на бодовите. Беа постигнати дури шест голови на интересната средба и се запишаа како стрелци за Сиднам Парк: Гера Билиански 2 и Локлан Џонстон. За Џилонг Македонија голови постигнаа: Џовани Калоси 2 и Денис Далури.

Пред почеток на оваа средба за публиката настапи младата група на МКУД „Јане Сандански" со сплет ора.

Следното коло, в петок, на 12 април, Сиднам Парк игра во гости кај Јаравил со почеток во 20:30 часот. Следниот ден, во сабота, на 13 април, Џилонг Македонија ја пречекува екипата на Стратмор со почеток во 18 часот.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 8 КОЛО**

## Авондаел – Алтона Маџик Вардар 4:0



Висок пораз за Алтона Маџик Вардар на гостувањето кај силната екипа на Авондаел. Беа примени по два гола во двете плувремиња за конечен резултат од 4:0. Стрелци на головите беа: Листон Диаз 2, Кор Кори и Стефан Зини.

Веќе треба да се палат светлата за тревога кај стручниот штаб бидејќи од осум одиграни кола освоени се едвај четири бодови со што клубот се наоѓа во опасната зона што води кон испаѓање од лигата. Се уште има време да се корегираат недостатоците во младата екипа но потребно е да се освојуваат бодови.

Во сабота, на 13 април, Алтона Маџик ја пречекува екипата на Сент Албанс Саинтс со почеток во 18:15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 20 |
| Авондаел | 17 |
| Хајделберг Јунајтед | 16 |
| Оакли Канонс | 16 |
| Хјум Сити | 15 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 12 |
| Данденонг | 11 |
| Мелбурн Најтс | 11 |
| Данденонг Тандер | 8 |
| Грин Гали | 7 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |
| Манингам Јунајтед Блуз | 6 |
| Алтона Маџик Вардар | 4 |
| Мореланд Сити | 0 |

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА СЕВЕР НА НЈВ, 6 КОЛО**

## Бродмедоу Маџик – Хамилтон Олимпик 3:0

Продолжува извонредната сезона за Бродмедоу Маџик со шеста победа од исто толку кола. Овојпат убедливо беше совладан Хамилтон Олимпик со 3:0.

Во недела, на 14 април, Бродмедоу Маџик ја пречекува екипата на Ламбтон Џафас со почеток во 14:30 часот.



### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 9 КОЛО

# Сиднеј Јунајтед - Рокдаел Илинден 1:2



Средба која беше решена буквално во последните мигови на натпреварот. Во првото полувреме извонредниот Алек Урошевски во 29 минута ја затресе мрежата, донесувајќи водство за Илинден. Домаќинот успеа да изедначи во 52 минута на 1:1.

Кога сите очекуваа дека средбата ќе заврши со поделба на бодовите, во 93 минута Хантер Елиот постигна гол за конечните 1:2 и заслужена победа на Рокдаел Илинден.

Во недела, на 14 април, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Сиднеј Олимпик со почеток во 16 часот.

### ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 9 КОЛО

# Сиднеј Македонија – Ридалмер Лајонс 3:0

Победа на Сиднеј Македонија за зацврстување во горниот дел на табелата. Сега Сиднеј Македонија е на четврто место со ист број на бодови како третиот Хакоа и петтиот Нордерн Тајгерс.



Во петок, на 12 април, Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Бенкстаун Берис со почеток во 20 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит | |
| Таун Ренџерс | 24 |
| Нортбриџ Булс | 19 |
| Хакоа Сиднеј | 16 |
| Сиднеј Македонија | 16 |
| Нордерн Тајгерс | 16 |
| Блектаун Спартанс | 12 |
| НЈВ Универзитет | 11 |
| СД Раидерс | 11 |
| Ридалмер Лајонс | 10 |
| Бонириг Вајт Иглс | 10 |
| Бенкстаун Берис | 10 |
| Дулвич Хил | 8 |
| Макартур Рамс | 8 |
| Данбар Роверс | 6 |
| Непеан | 5 |



### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 4 КОЛО

# Инглвуд Јунајтед – Стирлинг Македонија 1:3

Убедлива победа на Стирлинг Македонија на гостувањето кај Ингелвуд кој оваа сезона сеуште нема освоено ниту еден бод. Стрелци на головите за Стирлинг беа: Калвин Витни и Џошуа Билалоски 2. Единствениот гол на домаќинот за ублажување на поразот го постигна Шубхам Мокала.

Во сабота, на 13 април, Стирлинг Македонија ја пречекува екипата на Фриментел Сити со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Вестерн Најтс | 12 |
| Перт Глори | 8 |
| Бејсвотер Сити | 7 |
| Флореат Атена | 7 |
| Фриментел Сити | 7 |
| Олимпик Кингсвеј | 7 |
| Стирлинг Македонија | 6 |
| Перт Ред Стар | 5 |
| Перт | 3 |
| Балката | 2 |
| Армадел | 2 |
| Инглвуд Јунајтед | 0 |

# Ноле го надмина и нереалниот рекорд на Федерер!

Фантастичниот Новак Ѓоковиќ собори уште еден неверојатен рекорд и уште еднаш го надмаши Роџер Федерер во историјата. Имено, српскиот ас стана најстариот играч на врвот на АТП листата. Ѓоковиќ е и натаму прв со 36 години и 321 ден, па го престигна Швајцарецот.

Покрај Федерер, само уште двајца тенисери се најшле во првите десет на 36-годишна возраст. Славниот Американец Џими Конорс во тој момент беше осми, а најголемиот ривал на Ноле, Рафаел Надал беше четврти на неговиот 36-ти роденден.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Novak Djokovic | 36 | Monte-Carlo Will play next in the R32. | 9,645 | 9,725 | -80 | 9,735 10,635 |
| 2 | ↑1 | Carlos Alcaraz | 20 | Monte-Carlo Will play next in the R32. | 8,655 | 8,645 | +10 | 8,745 9,645 |
| 3 | ↓-1 | Jannik Sinner | 22 | Monte-Carlo Will play next in the R32. | 8,360 | 8,710 | -350 | 8,450 9,350 |
| 4 | | Daniil Medvedev | 28 | Monte-Carlo Will play next in the R32. | 6,995 | 7,165 | -170 | 7,085 7,985 |
| 5 | | Alexander Zverev | 26 | Monte-Carlo Will play next in the R32. | 5,370 | 5,415 | -45 | 5,425 6,325 |

# Ѓоковиќ ја кажа својата главна цел за 2024 година



Српскиот тенисер се надева дека ќе успее да дојде до златен медал со Србија ова лето во Париз, но затоа дефинитивно ќе мора да ја поткрене својата форма која во овој момент не е на највисоко ниво.

- Олимписките игри се приоритет за мене. На последните три или четири игри не стигнав до финалето, но сега ситуацијата е поинаква. Ова ќе бидат првите игри на земјена подлога и сакам да бидам максимално подготвен, кажа Ѓоковиќ.

Иако е лидер на АТП листата, впечаток е дека Ѓоковиќ во 2024 година не е така убедлив против ривалите, а Јаник Синер кој сега е второпласиран сериозно му се заканува да го симне од тронот.

### НАДАЛ СИ ЈА ОТВОРИ ДУШАТА:

# Тешко ми е, телото не ми дозволува да играм...

Шпанскиот тенисер Рафаел Надал се обиде да се врати на тенисот во 2024 година, меѓутоа се соочува со многу проблеми и досега (покрај големата желба) настапи само на турнирот во Бризбејн. Од тој турнир постојано имаше најави дека ќе се врати, но на крајот се повлекуваше поради повреди. Така е и со турнирот во Монте Карло.

- Телото не ми дозволува да играм. Тешко ми е, се борам околу година ипол. Секојдневно се трудам, но реалноста е поинаква и сурова. Во овој момент не можам да се натпреварувам. На личен план се е во ред, меѓутоа на професионален ми е тешко. Се соочувате со моменти за кои не сте замислувале дека можат да се случат. Не се откажувам, меѓутоа во овој момент не можам да играм никаде поради тие проблеми. Откако се вратив од Австралија пробувам различни работи, имам проблем со абдоменот, изјави Надал.





AAVIO TRAVEL

ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА

ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!

ЕВТИНО ☞ УДОБНО ☞ СИГУРНО ☞ ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ☞ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!

За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!

LIC. NO. 32481

335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
ISSN 1442-195X

# СПОРТ

## ФЕРСТАПЕН ТРЕТА ГОДИНА ПО РЕД ПОБЕДИ ВО ЈАПОНИЈА



Макс Ферстапен е победник на трката за Големата награда на Јапонија. На патеката Сузука, Холанѓамецот победи пред тимскиот колега Серхио Перез и победникот од минатата трка во Австралија, Карлос Саинц од Ферари.

Трикратниот светски шампион трета година по ред слави во Јапонија и со тоа ја забележа 57-та победа во кариерата. Со третата победа во првите четири трки оваа сезона Ферстапен е лидер во генералниот пласман.

Најблиску до бранителот на титулата беше неговиот тимски колега Серхио Перез, додека возачот на Ферари, Карлос Саинц Јуниор беше на третото скалило на подиумот. На овој начин, Шпанецот стигна до подиумот и на третата трка сезонава. Саинц во Саудиска Арабија не возеше поради операцијата на слепото црево.

Во битката за победа на легендарната патека немаше возбуда, бидејќи Ферстапен водеше од почетокот до крајот, исклучок се неколкуте кругови кога беше во боксот. Ривалите на Ред Бул се обидоа да го предизвикаат Перез со различни стратегии при одењето во бокс, но всушност Мексиканецот на крајот беше недопирлив за сите освен за неговиот тимски колега.

Најлоша стратегија имаше Мекларен. Раните заминувања во боксот им ја уништија трката на Ландо Норис, кој стартуваше од третото место и Оскар Пјастри.

На крајот Норис заврши на петтата, а Пјастри на осмата позиција.

Пласман на трката за ГН на Јапонија: Ферстапен, Перез, Саинц, Леклер, Норис, Алонсо, Расел, Пјастри, Хамилтон, Цунода.

## ТОПУРИЈА ЈА ОТФРЛИ МОЖНОСТА ЗА РЕВАНШ СО ВОЛКАНОВСКИ



Илија Топурија нема намера да се бори со Александар Волкановски на УФЦ 305 во Австралија. „Ел Матадор“ наскоро ќе се сретне со УФЦ за да ги одреди понатамошните планови за неговата кариера.

Топурија е актуелен шампион на УФЦ во перолесна категорија. Тој ја освои титулата против Александар Волкановски, кого го нокаутираше во февруари на мечот УФЦ 298. По борбата, Илија доби милиони нови фанови и влезе во сосема друго ниво на популарност. Оттогаш тој зборува за борба на стадионот на Реал Мадрид во Шпанија.

Сега се потврдени гласините за УФЦ 305, кој ќе се одржи во август во Австралија, од каде што е Волкановски. Топурија истакна дека нема намера да му даде реванш на Австралиецот со македонско потекло и наскоро ќе се сретне со УФЦ во Мајами за да разговараат за понатамошните планови.

Шпанецот со грузиски корени искрено признава дека има многу опции и планира да ја избере најдобрата.

„Сега сум најдобар во светот, зошто би ја бранел светската титула во куќата на противникот?“, изјави Топурија.


